# 4.9. Потпрограма за докторски студии по Казнено право

**Опис на компетенциите за потпрограмата за докторски студии по Казнено право**

Причините за запишување на студентите на третиот циклус на студирање според ЕКТС на насоката Казнено право е од значење од повеќе причини. Првин би требало да истакнеме дека студентите на докторските студии ќе добијат единствена можност за продлабочување на знаењата од областа на казненото право (материјално, процесно, извршно) во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје. Докторските студии се логичен след по заокружување на вториот циклус последипломски студии од областа на казненото право како една од фундаменталните дисциплини во правниот систем.

Постоењето посебна потпрограма од областа на казненото материјално, процесно и извршно право и од областа на криминологијата и сродните науки претставува нужност во услови на степенот на криминалитетот во современи рамки кој бара продлабочени знаења за негово проучување, сузбивање и превенција. Познавањата од областа на казненото право се особено важни за сите профили кадри во областа на правосудството заради успешно аплицирање на правничката професија. Значењето е особено нагласено со фактот што следи заокружување на новата легислативна рамка како резултат од системската реформа на дел од казненото материјално и процесно законодавство што ќе доведе до измени во начинот на функционирање на кривичното правосудство, изменета улога на субјектите во постапката и односите на обвинителството со судот и другите органи со истражни овластувања. Оваа потпрограма нуди нови содржини и комбинирање на теоријата и практиката, стекнување практични знаења и вештини, обука од областа на материјалното, процесното и извршното казнено право, криминологијата и пенологијата, како и продлабочени знаења од областа на компаративното казнено материјално и процесно право што е особено значајно.

Компетенциите се засилени со проучување на јуриспруденцијата на Судот за човекови права во Стразбур во однос на казнената правда, аспектите на казненото право во Европската унија и обидите за дефинирање стандарди на кои во иднина би почивало европското казнено право.

Структура на студиската потпрограма по Казнено право

| семестар | активност по семестар | кредити | семестар | активност по семестар | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| прв семестар | 1.Научно-истражувачка етика со примена и примери во подрачјето на правните науки | 4 | втор семестар | 1. Предмет од Листата на изборни предмети од третата група предмети за стекнување на генерички знаења и вештини за истражување (универзитетска листа на изборни предмети од трет циклус студии) | 4 |
| | 2. Методологија на научноистражувачката работа со примена и примери во подрачјето на правните науки | 4 | | 2. Изборен предмет од потесната област на истражување (Листа А) | 4 |
| | 3. Казнено право (Задолжителен предмет од потесната област на истражување) | 6 | | 3. Изборен предмет од потесната област на истражување (Листа А) | 4 |
| | 4. Казнено процесно право (Задолжителен предмет од потесната област на истражување) | 6 | | Докторски семинар | 2 |
| | 5. Криминологија (Задолжителен предмет од потесната област на истражување) | 6 | | Годишна конференција со презентација на извештај | 2 |
| | | | | Истражување (за подготовка на темата за докторска дисертација) | 14 |
| | Изборен предмет од потесната област на истражување (Листа А) | 4 | | | |
| | **ВКУПНО** | **30** | | **ВКУПНО** | **30** |

**Листа А: Група изборни (специфични) предмети од потесната област на истражување**

1. Пенологија (4 кредити),
2. Компаративно казнено материјално право (4 кредити),
3. Компаративно казнено процесно право (4 кредити),
4. Меѓународно казнено право (4 кредити),

5. Малолетничка правда (4 кредити),
6. Криминалистика (4 кредити),
7. Економско казнено право (4 кредити) и
8. Човековите права во полициската и казнената постапка (4 кредити)
9. Медицинско казнено право (4 кредити)

**Листа на наставници вклучени во настава кои може да бидат ментори**

1. Проф. д-р Методија Каневчев,
2. Проф. д-р Никола Тупанчески,
3. Проф. д-р Гордана Бужаровска,
4. Проф. д-р Гордан Калајџиев,
5. Проф. д-р Александра Груевска – Дракулевски,
6. Проф. д-р Александра Деаноска – Трендафилова,
7. Доц. д-р Бобан Мисоски,
8. Доц. д-р Дивна Илиќ Димоски.

**Листа на наставници кои се акредитирани ментори**

1. Проф. д-р Методија Каневчев,
2. Проф. д-р Никола Тупанчески,
3. Проф. д-р Гордана Бужаровска,
4. Проф. д-р Гордан Калајџиев,
5. Проф. д-р Александра Груевска – Дракулевски,
6. Проф. д-р Александра Деаноска – Трендафилова.

# Предметни програми од студиската потпрограма Казнено право

## (силабуси на предмети)

| Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **КАЗНЕНО ПРАВО** |
| 2. | Код | / |
| 3. | Студиска програма | **Потпрограма за докторски студии по Казнено право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за казнено право** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар (Задолжителен предмет од потесната област на истражување)** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **6 (шест)** |
| 8 | Наставник | **Проф д-р Методија Каневчев**<br>**Проф. д-р Никола Тупанчески**<br>**Проф. д-р Александра Груевска – Дракулевски**<br>**Проф. д- р Александра Деаноска - Трендафилова** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Преку предметната програма студентите ќе се стекант со продлабочени теоретски сознанија за казненото право и тоа како од исторископравен, компаративен и позитивноправен аспект. По успешното завршување на предметната програма, студентите ќе бидат оспособени да ја согледаат севкупната поставеност на казненоправниот систем, неговата постојана |

| | | |
|---|---|---|
| | | динамичност и сообразување со современите меѓународни и европски текови, меѓу другото и низ критички агол, оттаму што современите реформски струи со извонредна брзина се афирмираат како негова основна карактеристика. Методот на зајмување на позитивните казненоправни искуства во знатна мера се чини исправен, но во извесни свои делови крие и сериозна опасност од разнишување на основните казненоправни постулати, раскрстување со неговите вредносни категории, до степен на лишување на казненото право од неговиот аксиолошки легитимитет и постапно оддалечување од онтолошкиот статус; на тој начин, казненото право се исправува пред опасноста да се трансферира во сопствена противречност!<br><br>Согласно високиот степен на студии на кои се предава предметната програма казнено право, студентите ќе можат самите да извлечат заклучоци за *видоизменетиот профил* на казненото право кој се формира под нагласено влијание на новите облици на криминал и нивните сè пораспространети димензии и преземените заложби (на легислативен и на институционален план) во насока на нивно ефикасно сузбивање. Тенденцијата за преиспитување на неговите традиционални институти и системот на санкции кога се во прашање новите (неконвенционални) форми на криминал, репертоарот на санкции и други казненоправни мерки, од аспект на нивната нормативна поставеност, но и условите/ можностите за преточување на т.н. нормативна проекција во практична реалност, исто така, ќе претставуваат една од главните придобивки кои ќе ја комплетираат структурата на знаења на студентите кои ќе се определат за оваа предметна програма. Мошне значаен придонес кон сето ова ќе има и овозможувањето учество на студентите на меѓународни конференции од сферата на казненото право. Студентите ќе можат самите да изработуваат научни трудови во кои ќе ги обработуваат актуелните теми од оваа научна дисциплина. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Позитивното казнено право, неговите основни начела, институти и казненоправни забрани ја претставуваат основата врз која казненото право го гради сопствениот категоријален систем како самостојна научна дисциплина. Предметот на проучување на казненото право на третиот циклус од студиите ќе се фокусира кон продлабочено и критичко изучување на казненото право како гранка на позитивното право и како правна наука, |

| | | |
|---|---|---|
| | | при што би се разработувале фундаменталните начела на казненото право (и нивната сè повидна негација, во ерата на казненоправната реформа), основните институти врз кои тоа е фундирано како комплексен систем на норми со кои одредени човекови поведенија се прогласуваат за казнени дела и за нив се пропишуваат казни и други присилни санкции од страна на државата и се утврдуваат условите и начините за нивната примена. Врз основа на внатрешната систематика предавањата по предметот казнено право на третиот циклус на студиите по казнено право и криминологија, најпрвин тематски може да бидат поделени на два дела и тоа предавања од областа на општиот дел и предавања од областа на посебниот дел на казненото право. Во рамките на општиот дел од казненото право ќе се разработат темите кои се однесуваат на казненото право и на казнениот закон; казненото дело, неговите елементи и казнената одговорност на сторителот и темите коишто се однесуваат на казната и на другите казненоправни санкции коишто се пропишуваат за санкционирање на виновните сторители на казнени дела. Во рамките на посебниот дел од казненото право ќе се проучуваат одделните казнени дела, нивните законски битија и практичната примена на законските одредби за казнените дела. Методолошки, во рамките на овој дел од предметот казнено право најпрвин се утврдува заедничкиот објект на заштита кај секоја група казнени дела, посебниот објект на заштита кај секое дело (но и преиспитување на таквата поставеност, градација на вредностите заштитени со казненото право!), се прецизираат конститутивните обележја на објективното неправо, се утврдуваат елементите на субјективното битие на делото, извршителскиот круг и се анализираат различните облици на секое дело. Но, учењето за посебниот дел на казненото право во себе ќе ги опфати и казнените дела стипулирани во посебните (споредни) казнени закони, посебно со оглед на тоа што во последниве неколу години тие претставуваат можеби највидлива еманација на трендот на хиперинфлација и пренормативизација на казненоправните забрани. При разгледувањето на основните компоненти на системот на казненото право, сосема очекувано, со оглед на напредното ниво на студентите, акцентот ќе биде ставен и врз процесот на сообразување на домашното материјално казнено право со релевантните меѓународни инструменти и акцептирањето на позитивните компаративни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | искуства. Осврнувањето врз прашањата кои ги *сервира* новата струја на т.н. *легислативна (ре) продукција* несомнено се смета за една од најзагатливите казненоправни теми, кои ќе бидат соодветно дискутирани во рамки на тематските поглавја опфатени со наставната програма. Ништо поинаку не е и во однос на темата за казнената политика на судовите, која (посебно со оглед на нејзината ре-актуелизација со последната Новела на КЗМ), ќе биде детално елаборирана во рамки на предметната програма. | | |
| 12 | Методи на учење | Предметната програма по казнено право во ќе се реализира преку интерактивни предавања, семинари, присуство на конференции во државата и во странство; посета на релевантни институции, консултации, анализа на случаи (анализа на сидски пресуди, правна квалификација/ преквалификација, (не) оправданост на изречената санкција, итн.). Методот на настава треба да обезбеди активно вклучување на студентите во процесот на наставата и иницирање на нивно продлабочено и критичко размислување. Студентите ќе добиваат конкретни задачи на кои ќе треба да работат (индивидуално и во групи од неколку студенти) и притоа, од страна на предметниот професор ќе бидат упатувани на соодветната литература и прописи кои ќе треба да ги консултираат. Во текот на наставата, се очекува меѓу другото, студентите самите да ги сумпсумираат зададените поведенија под соодветната законска норма, како и да се произнесат по однос на одредбите коишто конкурираат во конкретниот случај. Посебно внимание ќе се посвети на оспособување на студентите аналитички да пристапуваат кон проблемите на казненото право и нивно оспособување на научна работа и академско пишување. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 (петнаесет) недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 (дванаесет) недели настава + 3 (три) недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби, семинари, тимска работа | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 поени (30 поени преку колоквиуми и 70 поени преку завршен испит) |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување<br>( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5 (пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6 (шест) (E) |
| | | 68-75 бодови | 7 (седум) (D) |
| | | 76-83 бодови | 8 (осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9 (девет) (B) |
| | | 92-100 бодови | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби и положени колоквиуми | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски/ англиски јазик | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите и самоевалуација | |

| | | |
|---|---|---|
| 22. | Литература | |
| | 22.1 | **Задолжителна литература:** |
| | | 1. Камбовски, В., Казнено право–општ дел, четврто изменето и дополнето издание, 2-ри Август - Штип, Скопје, 2011;<br>2. Камбовски, В., Тупанчески, Н., Казнено право - посебен дел, петто изменето и дополнето издание, 2-ри Август - Штип, Скопје, 2011;<br>3. Камбовски, В., Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Скопје, 2011;<br>4. Камбовски, В., Учество на повеќе лица во казненото дело, Скопје, 2001; |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. Камбовски, Организиран криминал, Скопје, 2005;<br>6. Камбовски, В., Наумовски, П., (2002), Корупцијата - најголемо општествено зло и закана за правната држава, Коментар на Законот за спречување на корупција и на Законот за спречување на перење пари, со прилози на акти од меѓународните органи и организации и други акти, Скопје, 2002;<br>7. Тупанчески, Н., „КРИВИЧЕН ЗАКОНИК – Интегрален дел - Предговор, кратки објаснувања и регистар на поими, 2-ри Август - Штип, Скопје, 2014;<br>8. Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., Македонско кривично право, општ дел, Скопје, 2010<br>9. Wessels, J., Beulke, W., „Кривично право-општ дел; кривични дела против личните и заедничките вредности, Скопје, 2009 (наслов на оригиналот: „STRAFRECHT-ALLGEMEINER TEIL, Die Straftat und ihr Aufbau, Heidelberg, München, Landsberg, Berlin, 2008;<br>10. Wessels, J., Hettinger, M., Казнено право – посебен дел 1, Скопје, 2009. |
| | 22.2. | **Дополнителна литература:** |
| | | 1. Novoselec, Kazneno pravo, opći dio, Zagreb, 2007<br>2. Bačić, F., Kazneno pravo, opći dio, peto izdanje, Zagreb 1998;<br>3.Jescheck/Weigend, Lehrbuch des Strafrechts, Allgemeiner Teil, 5. Auflage, Berlin 1996;<br>4. Roxin, C., Strafrecht, Allgemeiner Teil I: Grundlagen. Der Aufbau der Verbrechenslehre: Band I (Gebundene Ausgabe), C.H. Beck, 4. Auflage, 2006.<br>5. Roxin, C., Strafrecht, Allgemeiner Teil. Bd. 2: Besondere Erscheinungsformen der Straftat (Gebundene Ausgabe), C.H. Beck, 2003;<br>6. Wayne LaFave, Criminal Law, 4th Edition, Hornbook Series, West Thomson, USA, 2003;<br>7. Molan, M., Bloy, D., Lanser, D., MODERN CRIMINAL LAW, 5th Edition, Cavendish Publishing Limited, Great Britain, 2003<br>8. Elliott, C., Quinn, F., Criminal Law, 8$^{th}$ ed., Pearson Education Limited, Edinburgh, 2010;<br>9. Đurić, B.A., Motiv u krivičnom pravu, Niš, 2006;<br>10. Тупанчески, Н., Кипријановска, Д., Правниот егзибиционизам на македонското казнено законодавство, Стручно списание Правник, бр. 263, март, 2014;<br>11. Тупанчески Н., Кипријановска Д., „Основи на македонското информатичко казнено право", МРКПК, год. 15, бр. 2-3, 2008;<br>12. Тупанчески, Н., Република Македонија и ГРЕКО (Група на држави за борба против корупцијата), ФИООМ, 2006;<br>13. Tupanceski, N., Kiprijanovska, D., "The penal and the legal aspects of sexual abuse of children", Proceedings from 6$^{th}$ Russian Congress on Criminal Law "Criminal Law: Roots, Realities, Transition to Sustainable Development", Lomonosov Moscow State University, Faculty of Law, Moscow, May 2011;<br>14. Камбовски, В., Филозофија на правото, МАНУ, Скопје, 2010;<br>15. Korošec, D., Novi pogledi na paternalizam materijalnog krivičnog prava u Sloveniji, Nove tendencije u savremenoj nauci krivičnog prava u naše krivično zakonodavstvo, Udruzenje za krivično pravo i kriminologiju Srbije i Crne Gore, XLII Redovno godišnje savetovanje, Zlatibor/Beograd, 2005;<br>16. Srzentić N., Stajić A., Lazarević Lj., Krivično pravo SFRJ - opšti deo, deveto izdanje, Beograd, 1980;<br>17. Stojanoviħ, Z., Periħ, O., Krivično pravo – posebni deo, XII izmenjeno izdanje, Beograd, Pravna knjiga, 2007;<br>18.Ackerman, R.S., Corruption and government: causes, consequences and reform, Cambridge University Press, 2006;<br>19. Johnston, M., Syndromes of Corruption: Wealth, Power and Democracy. Cambridge University |

| | | |
|---|---|---|
| | | Press, 2005;<br>20. Wouters, J., Ryngaert, C., Cloots, A.S., The Fight Against Corruption in International Law, Leuven Centre for Global Governance Studies, Working Paper No. 94, July 2012. |

| Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО** |
| 2. | Код | **/** |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за казнено право** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар (Задолжителен предмет од потесната област на истражување)** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **6** |
| 8 | Наставник | **Проф. д-р Гордана Бужаровска**<br>**Проф. д-р Гордан Калајџиев**<br>**Доц. д-р Бобан Мисоски**<br>**Доц. д-р Дивна Илиќ Димоски** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | **/** |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Науката за казненото процесно право има задача да ја утврди и проучи суштината на кривичната постапка, законитоста во настанување на одделни облици на постапки, односите помеѓу процесните странки и другите учесници во постапката, степенот на имплементирање на меѓународните стандарди во рамките на кривичната постапка, влијанието на определени граѓанско-правни институти од аспект на положбата на оштетениот, |

| | | |
|---|---|---|
| | | прифаќање вонсудски начини на решавање на кривичните предмети со ресторативни елементи кои се несвојствени за класичното казнено процесно право засновано врз ретрибутивен приод и реакција, односно ги типизира, систематизира и конкретизира казненопроцесните институти.<br><br>Кривичната постапка е сложен и динамичен процес при што процесните дејствија се преземаат на начин и постапка утврдени во Законот за кривична постапка, од овластениот субјект за нивното преземање и само доколку се исполнети пропишаните услови. Тие се строго формално пропишани и почитувањето на формата при преземање на конкретно процесно дејствие е предуслов тоа да ги произведе правните последици поради кои е преземено, но претставува и гаранција за правна сигурност од аспект на обвинетиот и другите учесници во постапката. Кривичната постапка има двојна цел: виновниот да се осуди, а невиниот да се ослободи. За жал, постои конфликт помеѓу овие две желби, бидејќи колку повеќе сакаме да бидеме сигурни дека нема да осудиме невин, толку повеќе ризикуваме да ослободиме виновен. Главниот проблем на кривичната постапката е во тоа што виновноста или невиноста допрва треба да се утврди во постапката, дотолку повеќе што за секого се претпоставува дека е невин, се додека со правосилна судска пресуда не се утврди спротивното. Нормите на кривичната постапка треба не само да остварат заштита преку казненото право, туку и заштита од казненото право односно од какво било полициско-државно зафаќање на органите на кривичниот прогон. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Казненото процесно право е научна дисциплина која ги проучува правните норми со кои се уредува положбата и овластувањата на процесните странки и другите субјекти кои учествуваат во кривичната постапка, видот, формата и условите за преземање на процесните дејствија со кои се остварува целта на кривичната постапка, како и правните последици во случај на повреда на ваквите прописи. Тоа се занимава со изучување на основните процесни институти, начелата на кривичната постапка, нејзините субјекти, докажувањето и доказните средства, како и мерките за обезбедување присуство на лица и на предмети во кривичната постапка. Објаснувајќи го текот на кривичната постапка, тоа<br>обезбедува конечна претстава за нејзиното поведување, текот и завршувањето. Предмет на изучување на оваа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | научна дисциплина е и системот на правните лекови – редовни и вонредни, како и посебните постапки. | | |
| 12 | Методи на учење | За секоја тема на студентите однапред ќе им биде посочена соодветна литература за подготовка на часот и нивно активно вклучување во интерактивна настава.<br><br>Наставата ќе се одвива преку предавања и вежби, подготовка на презентации, истражувања и слични проекти, посета на соодветни институции зависно од темата на часот, учество на семинари и сл. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби (аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) | |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | | |
| | 17.3. | Активност и учество | бодови | |
| 18 | Критериуми за оценување<br><br>( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) | |
| | | 60-67 бодови | 6(шест) (E) | |
| | | 68-75 бодови | 7(седум) (D) | |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 84-91 бодови | 9(девет) (B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите | |
| 22. | Литература | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература<br><br>1. Матовски Н./ Бужаровска Г./ Калајџиев Г., Казнено процесно право, второ изменето и дополнето издание Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, Скопје 2011 год.<br>2. Закон за кривична постапка Сл. Весник бр. 150/10.<br>3. Бужаровска-Лажетиќ, Г.: Право на судење во разумен рок, магистерски труд во ракопис, Правен факултет, Скопје, 1997.<br>4. Бужаровска, Г. / Мисоски Б.: Компаративен преглед на решенијата за забрзување и поедноставување на казнената постапка, Зборник во чест на проф. д-р Панта Марина, Правен факултет „Јустинијан Први„ - Скопје, 2007, стр. 205-222.<br>5. Бужаровска-Лажетиќ, Г.: Оценка на судењето во разумен рок пред Европскиот суд за правата на човекот, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" – Скопје во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски, том 41, Скопје, декември, 2006, стр. 707- 740.<br>6. Бужаровска-Лажетиќ, Г.: Процесни мерки за заштита на сведоци во компаративното и домашното право, Зборник трудови: Заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите во домашното и во меѓународното право, Меѓународна организација за миграции - ИОМ и Швајцарската агенција за развој и соработка - СДЦ, Скопје, 2006.<br>7. Бужаровска-Лажетиќ, Г.: Зајакнување на контролниот механизам на Европската конвенција за човековите права, Зборник: Законската рамка на судската реформа во Република Македонија, Правен факултет "Јустинијан Први" - Скопје, декември, 2006, стр. 161-181.<br>8. Бужаровска-Лажетиќ, Г.: Ресторативната правда од аспект на меѓународните документи, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" - Скопје во чест на проф. д-р Димитар Поп-Георгиев, том 40, Скопје, декември, 2006, стр. 630-645.<br>9. Бужаровска-Лажетиќ, Г.: Примена на начелото на опортунитет на јавниот обвинител (чл. 145 и 146 од ЗКП), МРКПК, бр. 2, 2007, стр. 171-193.<br>10. Бужаровска-Лажетиќ, Г.: Редефинирана улога на јавниот обвинител во казнената постапка, Зборник во чест на проф. д-р Фрањо Бачиќ, Скопје-Загреб, 2007, стр. 341-355.<br>11. Бужаровска, Г. / Узунов, В.: Притвор - основи, практична примена и чинење, | |

| | | |
|---|---|---|
| | | Зборник во чест на проф. д-р Владимир Митков, Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје, 2008.<br>12. Бужаровска-Лажетиќ, Г.: Вонредните правни лекови во кривичната постапка, Зборник во чест на проф. д-р Тодор Џунов, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2008.<br>13. Бужаровска, Г. / Наумовски, Г.: Кривичната постапка во римското право, Зборник во чест на проф д-р Стефан Георгиевски, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2008.<br>14. Калајџиев, Г. : Ефикасност и правичност во кривичната постапка, МРКПК, Бр. 3, 2004, 49-52.<br>15. Калајџиев, Г.: Правична постапка, Докторска дисертација, Правен факултет, Скопје, 2004.<br>16. Калајџиев, Г.: Права на одбраната - историски корени, МРКПК Бр. 1 / 2, 1999, 140-44.<br>17. Калајџиев, Г.: Судење во разумен рок, 1 Адвокатура, 1999, 64-80.<br>18. Калајџиев, Г.: Европеизација на кривичната постапка, Зборник на Правниот факултет, Скопје 2002;<br>19. Калајџиев, Г.: Заштитата на приватноста и новите истражни мерки, Зборник на Правниот факултет, Скопје, 2004.<br>20. Калајџиев, Г.: Дали имаме правец за реформите, во: Реформи на македонското судство, Агтис, Прилеп, 2005.<br>21. Калајџиев, Г.: Право на правична постапка, Политичка мисла, 2006.<br>22. Калајџиев, Г.: Презумпција на невиност, во: Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први", Скопје, Том. 41, 2006<br>23. Калајџиев, Г.: Предизвици пред Јавното обвинителство во реформата на казнената постапка, Билтен бр. 1, ФИООМ, Скопје, 2006<br>24. Калајџиев, Г.: Што нуди Нацрт законот за јавното обвинителство?,Билтен бр. 2, ФИООМ Скопје, 2007.<br>25. Калајџиев, Г.: Функции на процедуралната правичност, Годишник на Полициската академија, Скопје, 2007.<br>26. Камбовски, В.: Казнено-правната реформа пред предизвиците на XXI век, Скопје, 2002.<br>27. Крапац, Д. / Калајџиев, Г. / Камбовски, В. / Бужаровска, Г.: Стратегија за реформа на казненото право на Р. Македонија, Министерство за правда на Република Македонија, Скопје, 2007.<br>28. Krapac, D.: Kazneno procesno pravo, Prva knjiga: Institucije, III izmenjeno i dopunjeno izdanje, Narodne novine, Zagreb, 2007.<br>29. Krapac, D.: Reforma kaznenog postupka i zaštita ljudskih prava, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, br. 1 / 1994, Zagreb, 81-121, 1994.<br>30. Матовски, Н.: Притворот и начинот на неговото регулирање, Годишник на Правниот факултет во Скопје, том XXXVIII, 1996 / 98, Скопје, 607-624, 1998.<br>31. Матовски, Н.: Системот на казнената постапка во Република Македонија, Годишник на Правниот факултет во Скопје, том XXXIX, 1999 / 2001, Скопје, 221-244, 2001.<br>32. Матовски, Н.: Улогата на бранителот во кривичната постапка, Македонска книга, Скопје, 1981.<br>33. Матовски, Н.: Учеството на граѓаните (судиите-поротници) во вршењето на |

| | | |
|---|---|---|
| | | кривичното правосудство, Годишник на Правниот факултет во Скопје, том XXVI, Скопје 1981 (1982), 165-186, 1982.<br>34. Herrmann, J.: Models for the Reform of Criminal Procedure in Eastern Europe, во: Essays in Honor of G. Mueller (E. WISE Ed. 1994), 61.<br>35. Шкулић, М.: Кривично процесно право - општи део, четврто издање, Београд, 2008.<br>36. Шкулић, М.: Кривично процесно право - посебни део, прво издање, Београд, 2008.<br>37. Acker, J. R. / Brody, D. C.: Criminal Procedure - A Contemporary Perspective, Aspen Publ., Gaithersburg, Maryland, 1999.<br>38. Alschuler, A.: Implementing the Criminal Defendant's Right to Trial: Alternatives to Plea Bargaining, 50 (3) University of Chicago Law Review, 1983, 931.<br>39. Ashworth, A.: The Criminal Process, Second Ed., Oxford University Press, Oxford, 1998.<br>40. Бејатовиќ, С.: Кривично процесно право - Општи део, Култура, Београд, 1995.<br>41. Grubač, M.: Krivično procesno pravo, četvrto izmenjeno i dopunjeno izdanje, Beograd, 2006.<br>42. Tomašević, G. / Krapac, D. / Gluščić, S.: Kazneno Procesno Pravo, Narodne Novine, Zagreb, 2005.<br>43. Trechsel, S.: Human Rights in Criminal Proceedings, Oxford University Press, Oxford, 2005.<br>44. Damaška, M.: O mjesanju inkvizitornih i akuzatornih procesnih formi, HLJKP, 2 / 1997, 387.<br>45. Delmas-Marty, M. / Spencer, J. (ed.), European Criminal Procedures Cambridge University Press, 2002.<br>46. Durđević. Z. / Gluščić, S. / Josipović, I. / Kos, D. / Krapac, D. / Novoselec, P.: Kazneno procesno pravo, Primjerovnik, II izmenjeno i dopunjeno izdanje, Narodne Novine, Zagreb, 2007.<br>47. Ivicevic Karas, E.: Načelo jednakosti oruzja kao konstitutivni element prava na pravični kazneni postupak iz članka 6. Europske konvencije za zastitu ljudskih prava i temeljnih sloboda, Zbornik PFZ, 57 (4-5), 761-788 (2007).<br>48. Josipović, I.: Uhićenje i pritvor, Targa, Zagreb, 1998.<br>49. Pajčić, M, Ugroženi svjedoci u kaznenom postupku, Zagreb, 2006.<br>50.Бојлке Вернер, „ЗАКОН ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА", Датапонс, Скопје, 2009.<br>51.Фолк Клаус, „Казнено процесно право – Основен курс", Аламина, Скопје, 2013. |
| | 22.2. | Дополнителна литература<br>1. Матовски Н., Казнено процесно право – Општ дел, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје и 2-ри август – с Штип, Скопје 2003 год.<br>2. Матовски Н. Казнено процесно право – Посебен дел, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје и 2-ри август – с Штип, Скопје 2004 год.<br>3. Матовски Н., Новелата на Законот за кривична постапка на Република Македонија.<br>4. Матовски, Н.: Нови тенденции во кривичната постапка на европските држави, Годишник на Правниот факултет во Скопје 1992 / 93, 179.<br>5. Матовски, Н.: Реформа на казнената постапка во Хрватска и Словенија, МРКК, год. 1, бр. 2, Скопје, 315-335, 1994.<br>6. Марина, П. / Матовски, Н.: Кривична постапка, скрипта, Савремена |

| | | |
|---|---|---|
| | | администрација, Београд, 1972.<br>7. Марина, П.: Коментарна Законот за Кривичната постапка, Култура, Скопје, 1978.<br>8. Марина, П.: Кривична постапка на СФРЈ, Култура, Скопје, 1979.<br>9. Bayer, V.: Jugoslovensko krivično procesno pravo, knjiga druga: Pravo o činjenicama i njihovom utvrdjivanju u krivičnom postupku, 5 izdanje, Zagreb, 1989.<br>10. Bayer, V.: Jugoslovensko krivično procesno pravo, knjiga I, osmo izdanje, Uvod u teoriju krivičnog procesnog prava, Narodne novine, Zagreb, 1988.<br>11. Bayer, V.: Kazneno procesno pravo - odabrana poglavlja, knjiga I, Uvod u teoriju kaznenog procesnog prava, priredio D. Krapac, II neizmijenjeno izdanje, MUP Republike Hrvatske, Zagreb, 1997._<br>12. Арнаудовски, Љ.: Судската реформа и законите за судството, Зборник: Законската рамка на судската реформа во Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2006.<br>13. Amar, A. R.: The Constitution and Criminal Procedure: First principles, Yale University Press, New Haven / London, 1997.<br>14. Vasiljević, T.: Sistem krivičnog procesnog prava SFRJ, treće izmenjeno i dopunjeno izdanje, Savremena administracija, Beograd, 1981.<br>15. Грубач, М.: Кривично процесно право - увод и општи део, друго измењено и допуњено издање, Службени гласник, Београд, 2002.<br>16. Грубач, М.: Кривично процесно право, књига прва, Увод и процесни субјекти, Култура, Центар маркетинг, Београд, 1995.<br>17. Delmas-Marty, M. (ed.): European Convention for the Protection of Human Rights: international protection versus national restrictions, Dordrecht / London,1992.<br>18. Delmas-Marty, M.: The Criminal Process and Human Rights: Towards a European Consciousness, Martinus Nijhoff Publishers, Dordrecht / Boston / London, 1995.<br>19. Bubalović, T.: Pravo na žalbu u kaznenom postupku, Sarajevo, 2006.<br>20. Reid, K.: A Practitioner's Guide to the European Convention on Human Rights, Sweet & Maxwell, 1988.<br>21. Roxin, C.: Strafverfahrensrecht, 25 Aufl age, Verlag C.H. Beck, Munchen, 1998<br>22. Sijerčić-Čolić, H.: Krivično procesno pravo, Knjiga prva – Krivičnoprosecni subjekti i krivičnoprocesne radnje, Pravni fakultet Univerziteta u Sarajevu, 2005. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

| Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **КРИМИНОЛОГИЈА** |
| 2. | Код | / |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии** |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br><br>**Институт за казнено право** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв семестар (Задолжителен предмет од потесната област на истражување)** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **6** |
| 8 | Наставник | **Проф. д-р Методија Каневчев**<br><br>**Проф. д-р Гордана Бужаровска**<br><br>**Проф. д-р Александра Груевска – Дракулевски** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | **/** |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Со изучување на предметот студентите ќе се запознаат со феноменолошката, етиолошката и виктимолошката димензија на криминалитетот, посебно со казненото дело како индивидуална појава, личноста на сторителот како автор на делото, жртвата на казненото дело, криминалитетот како масовна појава и, најпосле, реакцијата на поединецот и општеството во однос на казненото дело и криминалитетот. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Криминологијата, како правна, теоретска и емпириска научна дисциплина, ги проучува феноменолошките карактеристики (појавните облици на одделни начини на вршење на казнени дела) и факторите на криминалитетот како масовна општествена појава и криминалното однесување како поединечна појава, со цел негово објаснување, спречување и превенција. Иако определена како самостојна наука, со сопствен предмет и методи, криминологијата е синтетичка наука во која се интегрираат сите сознанија за криминалниот феномен. Оттука, таа е интердисциплинарна и мултидисциплинарна наука.<br><br>Предметот на современата криминологија може да се разгледува низ три димензии. Тоа се: феноменолошка, етиолошка и виктимолошка димензија. Првата ги проучува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17.3. Активност и учество | | бодови |
| 18 | Критериуми за оценување<br><br>( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6(шест) (E) |
| | | 68-75 бодови | 7(седум) (D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет) (B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби и положени колоквиуми | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите | |
| 22. | Литература | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература<br><br>Арнаудовски, Љупчо (2007) „Криминологија", Скопје: Печатница „2-ри Август", Штип.<br><br>Maguire, M., Morgan, R., Reiner, R., (2002) "The Oxford Handbook of Criminology", third edition, Oxford University Press. (превод од Владата).<br><br>Мајкл Мегваер, Род Морган, Роберт Рајнер<br><br>Оксфордски прирачник за криминологија | |
| | 22.2. | Дополнителна литература<br>**<u>Домашна литература</u>**:<br><br>Арнаудовски, Љ. (1983), "Предавања по социјална патологија", Скопје: НИО Студентски збор.<br><br>Арнаудовски, Љ. (2007), „Криминологија", Скопје: 2 Август С-Штип.<br><br>Арнаудовски, Љ. и Стојановски, Т. (2002), „Трговија со луѓе-криминалитет", Скопје: Скенпоинт. | |

| | | |
|---|---|---|
| | | Арнаудовски, Љупчо (2008) „Методолошки проблеми на статистичкото евидентирање и следење на економскиот криминалитет“, МРКПК, бр.3, Скопје: Печатница „2-ри Август“, Штип.<br><br>Арнаудовски, Љупчо и Чачева, Виолета (1979) „Повторот и повторниците“, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.<br><br>Бужаровска, Лажетиќ, Г. (2006), „Ресторативната правда од аспект на меѓународните документи“ во Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на Димитар Поп Георгиев, том 40, Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.<br><br>Велкова, Татјана (1999) „Повторот кај малолетните сторители на кривични дела“, Скопје: Печатница „2-ри Август“, Штип.<br><br>Годишници на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.<br><br>Груевска-Дракулевски, Александра:<br><br>- (2007) „Можност за прогноза на рецидивизмот“ во Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и на Правниот факултет во Загреб посветен на проф. д-р Фрањо Бачиќ, Скопје: Академски печат Скопје, стр.472-483;<br>- (2008) „Рецидивизам кај економскиот криминалитет во Република Македонија“, во: Македонска ревија за казнено право и криминологија (год.15, бр.2-3, 2008), Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, Скопје: 2-ри Август С-Штип, стр.615-631;<br>- (2008) „Рецидивизам код малолетничког криминалитета у Републици Македонији као индикатор за (не)ефикасност казнене политике“, у Зборник радова Двадесет и првог сусрета на тама: Прво и индивидуалне вредности, Правни живот, Часопис ѕа правну теорију и праксу, Копаоничка школа природног права Удружења правника Србије.<br>- (2010) „Влијанието на казната затвор врз рецидивизмот“ (докторска дисертација), Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.<br>- (2011) „Активности на Европската Унија во борбата против организираниот криминал: дали Европската Унија успешно „се организирала против организираниот криминал“ во Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје посветен на проф. д-р Никола Матовски.<br>- (2011) „Семејството и брачниот статус: криминогени фактори и/или причини за откажување од криминално однесување“ во Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје посветен на проф. д-р Љиљана Спировиќ-Трпеновска.<br>- (2012) „Класификација и лични карактеристики на рецидивистите“ во Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје посветен на проф. д-р Тодор Пеливанов.<br>- (2013) „Семејното насилство во Република Македонија“, Македонска ревија за кривично право и криминологија“, Здружение за кривично право и криминологија на Република Македонија, Скопје. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - (2014) „Компарација на трендовите на криминалитет: Република македонија – Европа. Дали криминалитетот се зголемува?“ (во печат).<br><br>Давитковски, Борче, Мицковиќ, Дејан, Бужаровска, Гордана, Калајџиев, Гордан, Груевска-Дракулевски, Александра (2010) „Усогласеноста на домашното законодавство со Конвенцијата за правата на детето“ (2009) во рамки на Проектот Национален институционален консалтинг за компаративен преглед на македонското законодавство и Конвенцијата за правата на детето, УНИЦЕФ, 2009 (National institutional consultancy for a comparative review of the Macedonian legislation and the Convention on the Rights of the Child, UNICEF, 2009).<br><br>Еби, Ф. М., (2005) „Криминалните трендови во Европа од 1990 до 2000 година“ во МРКПК, год. бр.2, Скопје: Печатница „2-ри Август“, Штип.<br><br>Иѓњатовиќ, Ѓ, (1998) „Криминологија“, Београд: Номос.<br><br>ИСППИ (2004) „Емпириска анализа на проблемите на децата во ризик и евалуација на постоечките заштитни фактори“,Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ.<br><br>ИСППИ (2004) „Ефикасноста на мерките што се применуваат спрема малолетните лица“, Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ.<br><br>Кајзер, Гинтер (1996), „Криминологија“, Скопје: Александрија.<br><br>Камбовски, В., (2005) „Организиран криминал“, Скопје: 2 Август С-Штип.<br><br>Камбовски, Владо (2002) „Казненоправната реформа пред предизвиците на 21-от век“, Скопје: Бато и Диваjн.<br><br>Камбовски, Владо (2004) „Компаративна анализа на малолетничкото законодавство“, Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ.<br><br>Камбовски, Владо (2006) „Казнено право (општ дел)“, Скопје: Печатница „2-ри Август“, Штип.<br><br>Каневчев, Методија (2010) „Кривичен законик: интегрален текст со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите“,Скопје: 2 Август С Штип.<br><br>Кралев, Тодор (2004) „Криминологија - преглед на основните поими“, Скопје: НИП Студентски збор.<br><br>Лабовиќ, М., Тупанчески, Н. и Анастасовска, Дабовиќ, Ј. (2006) „Збирка на закони за антикорупција, Стоп за корупцијата“, Скопје, ФИООМ.<br><br>Македонска ревија за кривично право и криминологија, Скопје: Здружение за |

| | | |
|---|---|---|
| | | кривично право и криминологија:<br>- „Превенција и заштита од сите форми на насилство врз жените и домашно насилство - Истанбулска конвенција", бр.1, 2013.<br>- „Економскиот криминалитет" бр.1, 2009.<br>- „Казнена политика во Република Македонија: Материјали за шестото советување на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, Охрид, 21-23 септември 2005", МРКПК, Скопје: Печатница „2-ри Август", Штип.<br>- „Практична примена и координација меѓу институциите кои го спроведуваат казненото право во областа на царинските деликти", бр.1 2006.<br><br>Марјановиќ, Ѓорѓи (1998) „Македонско кривично право (општ дел)", Скопје: Просветно дело.<br><br>Марјановиќ, Ѓорѓи (уредник) (1995) „Зборник во чест на Љупчо Арнаудовски", Правен факултет, Скопје: Правен факултет.<br><br>Марјановиќ, Момирска, Мирјана (2002) „Статистика на криминалитетот", Скопје: Просветно дело.<br><br>Нанев, Лазар (2007) „Стопански (економски) криминалитет" (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје<br><br>Пријавени, обвинети и осудени сторители на кривични дела во период од 1995 до 2004 година (полнолетни и малолетни), Статистички прегледи, Република Македонија, Државен завод за статистика, Скопје<br><br>Проевски, Јован (1998) Кривичен законик (објаснувања, коментари, судска практика), Скопје: Агенција „Академик".<br><br>Саздовска, Малиш, М. (2005) „Криминалистичката полиција и еколошкиот криминалитет", Скопје.<br><br>Сулејманов, З. и Стојановски, Н. (2002) „Социјална патологија", Скопје: Југореклам.<br><br>Сулејманов, З., (2007) „Криминологија", Скопје: Графос.<br><br>Сулејманов, Зоран (2003) „Криминологија", Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје.<br><br>Тозија, Ф., Ѓорѓев, Д. и Чичивалиева, С. (2006) „Извештај за насилство и здравје во Република македонија и водич за превенција", Скопје: Министерство за здравство.<br><br>Чонева, Љ, Чачева, В., Арнаудовски, Љ., Станкова, М., Марковиќ, М. и Станковска, Г. (2007) „Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република Македонија", |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Малолетничката правда претставува една релативно нова, но мошне значајна сфера на системот на казнена правда. Малолетничката правда го проучува позитивниот казнено - правен третман на малолетните сторители на казнени дела, развојот на малолетните деликвенти, категориите малолетници и третманот и санкциите што може да се применуваат кон оваа особено ранлива категорија на сторители на казнени дела. Во рамките на овој предмет, едновремено се изучуваат основните системи на малолетничката правда од компаративен аспект, меѓународните норми и стандарди, особено новите тенденции на пробив на концептот на ресторативна наместо ретрибутивна правда. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Во рамките на предметот се разгледуваат и критички проучуваат новиот модел на малолетничка казнена правда во Република Македонија уреден преку Законот за правда за децата, кој што претставува единствена и кохерентна целина составена од материјално - правни, процесно - правни и извршни одредби. Воедно, оваа материја се разгледува и низ призмата на нејзино компарирање со постојните решенија во останатите системи на казнена |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | правда, пред се во насока на следење на трендовите кои што во оваа сфера во најголема мерка ги има поставено Организацијата на Обединети Нации, Советот на Европа и Европската Унија. | | |
| 12 | Методи на учење | За секоја тема на студентите однапред ќе им биде посочена соодветна литература за подготовка на часот и нивно активно вклучување во интерактивна настава.<br><br>Наставата ќе се одвива преку предавања и вежби, подготовка на презентации, истражувања и слични проекти, посета на соодветни институции зависно од темата на часот, учество на семинари и сл. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби (аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) | |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | | |
| | 17.3. | Активност и учество | бодови | |
| 18 | Критериуми за оценување<br><br>( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) | |
| | | 60-67 бодови | 6(шест) (E) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 68-75 бодови | 7(седум) (D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет) (B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите | |

| | | |
|---|---|---|
| 22. | Литература | |
| | 22.1. | **Задолжителна литература**<br>1. Владо Камбовски, Татјана Велковска, „Малолетничка правда - збирка на документи, 2 Август, Штип, 2008 ;.<br>2. Валтер Михаил, Малолетничка Деликвенција – систематски преглед, Арс Ламина, Скопје, 2011.<br>3. Bužarovska G., Misoski B., Restorative aspects of the juvenile justice system in Macedonia, Teme, Pravni fakultet, Univerzitet u Nishu, Srbija, 2011г.<br>4. Гордана Бужаровска, Улогата на ЦСР и на Јавниот обвинител согласно Законот за малолетничка правда, Зборник во чест на Проф. д-р Борислав Благоев, Правен факултет, Скопје, 2006;<br>5. Владо Камбовски, Теоретски основи на новиот законски модел на малолетничка правда, МРКПК 3/2006;<br>6. del Carmen, Rolando V. and Trulson, Chad R. Juvenile Justice: The System, Process and Law, 2005;<br>7. Taylor, Robert W., Fritsch, Eric J., Caeti, Tory J., Juvenile Justice: Policies, Programs, and Practices, 2-nd Ed., 2006;<br>8. Scott, Elizabeth S. Steinberg, Laurence, Rethinking Juvenile Justice, 2008;<br>9. Hess, M. K., Orthmann, C.H., Wright J.P., Juvenile Justice, 6-th ed. Wadsworth Cengage Learning, 2013;<br>10.Whitehead, J.T., Lab, S.P., Juvenile Justice, An introduction, 7-th ed. Elsevier, 2013;<br>11. Elrod P., Ryder R.S., Juveile Justice – A social, Historical and Legal Perspective, Jones and Bartlett Learning, 2013. |
| | 22.2. | **Дополнителна литература**<br>1. Alexandra Höft von Lit-Verlag, Diversion und Diversionsäquivalente in der französischen und deutschen Jugendgerichtsbarkeit, 2003<br>2. Heinz Müller, Barbara Mutke, Stefan Wink, Unter einem Dach - Neue Wege in der Jugendstrafrechtspfl... Das Haus des Jugendrechts Ludwigshafen, Institut f. Sozialpäd, Forsch, Mainz, 2008. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 3.Љупчо Арнаудовски, Малолетноста како критериум за дефинирање на казнената одговорност на децата и малолетниците, МРКПК, 3/2006;<br>4. Љупчо Арнаудовски „Криминологија,2-ри Август, Штип, 2007;<br>5. Оливер Бачановиќ, Виктимолошки аспекит на Законот за малолетничка правда, МРКПК, 3/2006;<br>6. Гордана Бужаровска, Од ретрибутивност кон ресторативност, МРКПК, БР. 3/2006. | | | |
| | | | | | |

| Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **ЕКОНОМСКО КАЗНЕНО ПРАВО** |
| 2. | Код | / |
| 3. | Студиска програма | **Потпрограма за докторски студии по Казнено право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br>**Институт за казнено право** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв / Втор семестар (Изборен предмет од потесната област на истражувањ)** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 (четири)** |
| 8 | Наставник | **Проф. д-р Никола Тупанчески** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Преку предметната програма економско казнено право, студентите ќе се стекант со продлабочени теоретски сознанија за економското казнено право и проблемот на економскиот криминал, неговата позитивно-правна, но и аксиолошка и социолошка димензија. По успешното завршување на предметната програма, студентите ќе бидат оспособени да се вклучат во сферата на финансиското работење и корпоративното управување, стекнувајќи едновремено, аналитички способности за состојбите во економскиот живот на Република Македонија;сознанија и вештини за т.н. добро деловно работење и деловната килтура; вештини и умеења со цел детектирање на сè позачестените финансиски облици на криминал, злоупотреби и други неправилности во областа на економското работење; запознавање на состојбата и легислативата на домашно и на компаративно ниво и преземените напори со цел изнаоѓање механизми за нивна имплементација. |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Содржина на предметната програма | Економскиот криминал денес станува предмет на нова специјална гранка - економско казнено право. Како и сродните поими: еколошко, информациско, медицинско, итн. казнено право, и предметот на оваа расправа е плод на најновите тенденции за атомизација на казненото право, што во основа се позитивни и прифатливи, во мера во која придонесуваат за развивање на автономни потсистеми концентрирани врз заштитата на определен круг на сродни правни добра. Клучна пресвртница која го овозможи конципирањето на економското казнено право како посебна научна дисциплина претставува изменетата слика на криминалот која се карактеризира со нови појавни форми и специфични елементи кои се развиваат и менуваат со извонредна динамичност и прераснуваат во основна загрозба на квалитетот на човековиот живот. "Неконвенционалниот" криминал се смета за основен проблем на современата држава, затоа што е најчесто "втопен" во комплексните економски и политички активности. Неговото неправо го определуваат елементи кои се на границата со легалните активности или како такви, се директно поврзани со обемот и карактерот на државната регулатива на определени области! Таквата посебност на неконвенционалниот криминал го детерминира едногласното убедување дека треба да се развие посебна стратегија и мерки за неговото спречување: тоа е криминал кој бара неконвенционален одговор<br><br>Науката на економското казнено право се состои од општ и од посебен дел. Општиот дел се занимава со изучување на неговиот поим и предмет, изворите, методите, развојот и односот на економското казнено право со другите науки. Неограничен интерес, во рамки на општиот дел, поттикнуваат прашањата за поимот и субјектите на економските казнени дела, како и системот на санкции пропишани за таквите поведенија. Предметот на неговото проучување се проширува дотаму што во себе ги интегрира и сфаќањата за различните легислативни модели прифатени во законодавствата на одделни држави. Учењето за економското казнено право чијашто средишна точка претставува економскиот криминал, во постојната шареноликост на теоретски стојалишта кои се судираат при |

| | | |
|---|---|---|
| | | определувањето на неговиот поим, во фокусот на својот научен интерес ги вградува и етилошките и феноменолошки обележја на споменатиот облик на криминал, како и поврзаноста со останатите облици на криминалитет (така, организираниот криминал, криминалот на белите јаки, професионалниот криминалитет, а во поново време и криминалот на корпорациите). Посебниот дел на оваа наука, во основа, преставува систематски обликуван репертоар на економските казнени дела. Во него се статуирани одредени недозволени поведенија кои по својата природа претставуваат најтежок облик на загрозување на економските односи и на економскиот систем, воопшто. И токму на ова место избиваат најмногу проблеми. Сетот-економски инкримиинации имено, треба совршено да ѝ одговара на изменетата слика на економскиот систем, основните принципи врз кои се гради таквиот систем и неговите составни елементи. Се чини незамисливо па, оттука и невозможно конципирањето на економското казнено право како целовит, логичен систем на норми што имаат за цел заштита на основните (реформирани) вредности на економскиот систем во услови на постоење застарени, анахрони инкриминации кои не кореспондираат со новиот пазарен економски амбиент. |
| 12 | Методи на учење | Предметната програма по економско казнено право ќе се реализира преку интерактивни предавања, семинари, присуство на конференции (на национално и на меѓународно ниво); посета на релевантни институции, консултации, анализа на случаи од судската пракса, од областа на економскиот криминал. Методот на настава треба да обезбеди активно вклучување на студентите во процесот на наставата и потикнување на нивното размислување. Студентите ќе добиваат конкретни задачи на кои ќе треба да работат и при тоа, од страна на предметниот професор ќе бидат упатувани на соодветната литература и прописи кои ќе треба да ги користат. Посебно внимание ќе се посвети на оспособување на студентите аналитички да пристапуваат кон проблемите генерирани под влијание на напливот на економскиот (финансискиот) криминал и нивно оспособување на научна работа и академско пишување на трудови од оваа област. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 (петнаесет) недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 (дванаесет) недели настава + 3 (три) недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби, семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашна работа | |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) | |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | | |
| | 17.3. | Активност и учество | Бодови | |
| 18 | Критериуми за оценување<br>( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) | |
| | | 60-67 бодови | 6(шест) (E) | |
| | | 68-75 бодови | 7(седум) (D) | |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) | |
| | | 84-91 бодови | 9(девет) (B) | |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби и положени колоквиуми | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски/ англиски јазик | | |

| | | |
|---|---|---|
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите и самоевалуација |

<table>
<tr><td rowspan="3">22.</td><td colspan="2">Литература</td></tr>
<tr><td>22.1.</td><td>Задолжителна:<br>1. Камбовски В.,, Казнено право–општ дел", четврто изменето и дополнето издание, Скопје, 2011;<br>2. Камбовски В.,, Тупанчески Н., „Казнено право - посебен дел", петто, изменето и дополнето издание, Скопје, 2011;<br>3. Камбовски В. Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Скопје, 2011;<br>4. Камбовски В. „Организиран криминал, Скопје, 2005;<br>5. Камбовски В., Наумовски П. „Корупцијата-најголемо општествено зло и закана за правната држава", Скопје, 2002;<br>6. Камбовски В., Мисоски Б., Материјално-правни и процесно- правни аспекти на конфискацијата на имотна корист и имот, МРКПК, год. 16, БР. 2, 2009;<br>7. Камбовски, В., Кривична одговорност на правните лица" (компаративна студија и предлози за нови законски решенија), МРКПК, год. 15, бр. 2-3, 2008 год.;<br>8. Тупанчески Н. „Кривична одговорност на правните лица со посебен осврт на кривичните дела од чл. 157 од КЗ на РМ (Повреда на авторско право и сродни права) и чл. 286 од КЗ на РМ (Неовластена употреба на туѓ пронајдок или софтвер); Зборник во чест на проф. Томислав Чокревски, Правен факултет „Јустинијан Први", 2010;<br>9. Тупанчески Никола „Даночно затајување во споредбеното право и во РМ", Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науки, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје 2006;<br>10. Тупанчески Н., Кипријановска Д. „Основи на македонското информатичко казнено право", МРКПК, год. 15, бр. 2-3, 2008.</td></tr>
<tr><td>22.2.</td><td>Дополнителна литература:<br>1. Lyman, D.M., Potter, W.G., Организиран криминал, Скопје, 2009;<br>2. Глобален организиран криминал – трендови и случувања, Уредници: Дина Зигел, Хенк Ван Де Бунт, Дамјан Заич, Скопје 2009;<br>3. Камбовски В., „Меѓународно казнено право", Скопје 1998;<br>4. Тупанчески Н., Најновите измени на кривичното дело даночно затајување - козметичка корекција или ...? Правник, јули, 2010;<br>5. Tupanceski N., Kiprijanovska, D., Trgovina uticajem - kaznenopravni aspekti, Pravni fakultet za privredu i pravosudje, Univerzitet Privredna akademija, Novi Sad, Srbija, 2011;<br>6. Тупанчески Н., Кипријановска, Д., Некои контрадикции поврзани со поимот „злосторничко здружение, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Горѓи Маријановиќ, Скопје, 2011<br>7. Тупанчески Н., „Европските регулативи и казненоправната заштита на евторските права во Република Македонија, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Томислав Чокревски, Скопје, 2009</td></tr>
</table>

8. Тупанчески Н., Република Македонија и ГРЕКО - група на држави за борба против корупцијата, Дкопје, 2006;
9. Камбовски, В., Витларов, Т., Казненоправната одговорност на правните лица според Новелата на КЗ ОД 2009 година, МРКПК, год. 16, БР. 2, 2009;
10. Ного, С., Економски кривични дела-опасност на современиот свет, МРКПК, год. 16, БР. 2, 2009
11. Камбовски, В., Мисоски, Б., Материјално-правни и процесно-правни аспекти на конфискацијата на имотна корист и имот, год. 16, БР. 2, 2009
12. Камбовски, В., Економски криминал во стечајот и стечајната постапка, , год. 16, БР. 2, 2009;
13. TRIPS – Trade – Related – Aspects of Intellectual proprety Rights, 1994.
14. Directive 2004/48/EC of the European Parliament and of the Council of 29 April 2004 on the enforcement of intellectual property rights.
15. Convention on the Protection of the European Communities financial interests, Council Act, 26.07.1995, OJ C 316, 27.11.1995.
16. Convention on the Fight against Corruption involving Officials of the European Communities or Officials of Member States of the European Union, 26.05.1997, **Council Act 97/C 195/01, 26 maj 1997, Official Journal C 195, 25. 06. 1997.**
17. Corpus Juris; http://www2.law.uu.nl/wiarda/corpus/engelsdx.html.
18. William C.Gilmore, Валкани пари – еволуција на мерките против перењето пари, Совет на Европа 1995.
19. „Одредби за полициска и правосудна соработка во кривичните предмети", Договор за Европската унија – Консолидирани верзии на Договорот за Европската унија и на Договорот за основање на Европската заедница (2002),), Форум за евро-атлантска интеграција на Република Македонија – ФЕИМ, (стр. 42 – 52), Скопје 2005 год.
20. Проф. д- р. Арнаудовски Љупчо, Криминологија, Скопје 2007 год.
21. Бужаровска Гордана, Европската унија и правосудната соработка во казнената материја, Македонско – руски зборник, 2007 год.
22. Ackerman, R.S., Corruption and government: causes, consequences and reform, Cambridge University Press, 2006;
23. Johnston, M., The Definition Debate: Old Conflicts in New Guises, 2001<
24. Johnston, M., Syndromes of Corruption: Wealth, Power and Democracy. Cambridge University Press, 2005;
25. Wouters, J., Ryngaert, C., Cloots, A.S., The Fight Against Corruption in International Law, Leuven Centre for Global Governance Studies, Working Paper No. 94, July 2012;
26. Slingerland, W. (2010), Trading in influence: corruption revisited - "How a better understanding of the systemic character of trading in influence can help the Council of Europe and its Member States choosing the right instruments to tackle this form of corruption, EGPA Study Group on Ethics and Integrity of Governance Toulouse, September, 2010.

| Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **КРИМИНАЛИСТИКА** |
| 2. | Код | / |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први“,**<br><br>**Институт за казнено право** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв / втор семестар (Изборен предмет од потесната област на истражување)** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | 4 |
| 8 | Наставник | **Проф. д-р Гордана Бужаровска**<br><br>**Проф. д-р Гордан Калајџиев**<br><br>**Доц. д-р Дивна Илиќ Димоски** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | / |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Криминалистиката е посебна научна дисциплина, егзактна и емпириска, која ги пронаоѓа, ги проучува и ги усовршува научните методи и средства засновани врз практичното искуство, кои се најповолни за да се открие и да се разјасни казненото дело, да се открие извршителот и да се набават сите докази потребни за утврдување на вистината. Таа е наука која систематски го обработува прашањето како да се применат методите на природните и на техничките науки и одредени поранешни искуства на органите на казнената постапка при извршувањето на конкретните задачи и при<br>наоѓањето докази за казненото дело и за извршителот. Криминалистиката се состои од три дела: криминалистичка тактика, криминалистичка техника и криминалистичка методика, како посебен дел од криминалистичката тактика. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Недела 1<br>ПОИМ И ПРЕДМЕТ НА КРИМИНАЛИСТИКАТА И НЕЈЗИНОТО |

| | | |
|---|---|---|
| | | МЕСТО ВО СИСТЕМОТ НА КАЗНЕНО-ПРАВНИ НАУКИ<br><br>Недела 2 и 3<br>ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЛИЦА -ВЕШТАЧЕЊА НА ТРАГИ ОД ПАПИЛАРНИ ЛИНИИ<br><br>Недела 4 и 5<br>УВИД НА ЛИЦЕ МЕСТО И СПЕЦИФИЧНОСТ НА ИСТРАГИ НА ЛИЦЕ МЕСТО КАЈ КОНКРЕТНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД АСПЕКТ НА ТРАГИТЕ И НИВНОТО ФОРЕНЗИЧКО ЗНАЧЕЊЕ И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ФИКСИРАЊЕ И ДОКАЗНА ВРЕДНОСТ НА ТРАГИТЕ<br><br>Недела 6 и 7<br>МИКРОТРАГИ И НИВНА ДОКАЗНА ВРЕДНОСТ (ЗЕМЈА И ПРАШИНА, НАРКОТИЦИ, БОЈА, СТАКЛО, ТЕКСТИЛНИ ВЛАКНА)<br>ТРАГИ ОД АЛАТИ И ТРАГИ ОД СТОПАЛА<br><br>Недела 8<br>ПРИБИРАЊЕ БИОЛОШКИ ТРАГИ.<br>ЗЕМАЊЕ ТРАГИ ОД ДНА И НЕГОВА УПОТРЕБА ВО ПРАВОСУДСТВОТО КАКО МАТЕРИЈАЛЕН ДОКАЗ.<br><br>Недела 9<br>ТРАГИ ОД ОРУЖЈЕ И БАЛИСТИЧКИ ВЕШТАЧЕЊА<br><br>Недела 10 и 11<br>ОСНОВИ НА КРИМИНАЛИСТИЧКАТА МЕТОДИКА - МЕТОДИ ЗА ОТКРИВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО,<br>МЕТОДИ ЗА ОТКРИВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ВО ВРСКА СО ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГИТЕ,<br>ИСПИТУВАЊЕ ИСПРАВИ И ФАЛСИФИКАТИ,<br>ОТКРИВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА КАЈ СООБРАЌАЈНИТЕ НЕЗГОДИ<br><br>Недела 12<br>ПИШУВАЊЕ НА ЕКСПЕРТСКО МИСЛЕЊЕ |
| 12 | Методи на учење | За секоја тема на студентите однапред ќе им биде посочена соодветна литература за подготовка на часот и нивно активно вклучување во интерактивна настава.<br><br>Наставата ќе се одвива преку предавања и вежби, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | подготовка на презентации, истражувања и слични проекти, посета на соодветни институции зависно од темата на часот, учество на семинари и сл. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби (аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6(шест) (E) |
| | | 68-75 бодови | 7(седум) (D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет) (B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби | |
| 20. | Јазик на кој се изведува | македонски | |

| | | |
|---|---|---|
| | наставата | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите |
| 22. | Литература | |
| | 22.1. | Задолжителна литература<br><br>1. Живојин Алексиќ, Криминалистика, Савремена администрација, Београд 1982.<br>2. Владимир Водинелиќ, Криминалистика, Научна књига, Београд 1987 год.<br>3. Радојка Максимовиќ, Криминалистика – техника, Полициска Акедемија, Београд, 1995.<br>4. Handbook of Forensic Services, Editor Colleen Wade, FBI Laboratory Publication Federal Bureau of Investigation Quantico, Virginia, 2003.<br>5. Кристофер В. Брус/ Стивен Р. Хик/ Џули П. Купер (уредници), Истражувањето на криминалистичката анализа – четива за неопходните вештини, Меѓународна асоцијација на крим – аналитичари, Магор, Скопје 2009 год.<br>6. Карим Х. Велани/ Џоел Нахун, Применета криминалистичка анализа, Табернакул, 2009 год.<br>7. Џери Х. Ретклиф (уредник), Стратешко размислување во разузнавањето на криминалитетот, Табернакул, 2009 год.<br>8. Crime Scene Investigation: A Guide for Law Enforcement, Written and Approved by the Technical Working Group on Crime Scene Investigation, U.S. Department of Justice Office of Justice Programs, 2000.<br>9. Brenner, J. Forensic Science Glossary. Boca Raton: CRC Press, 1999.<br>10. Conklin, B., D. Shortelle & R. Gardner, Encyclopedia of Forensic Science. NY: Oryx Press 2002.<br>11. Fisher, B., Techniques of Crime Scene Investigation, Boca Raton: CRC Press, 2000.<br>12. Fridell, R., Solving Crimes: Pioneers of Forensic Science, NY: Grolier, 2000.<br>13. Houde, J., Crime Labs: A Guide for Nonscientists., Ventura, CA: Calico Press 1999.<br>14. Lee, H. & H. Harris, Physical Evidence in Forensic Science, Tucson: LJP Co 2000.<br>15. Osterburg, J. & R. Ward, Criminal Investigation. Cincinnati: Anderson, 2000.<br>16. Saferstein, R., Criminalistics (7e). Englewood Cliffs: Prentice Hall 2000.<br>17. Steadman, G., Survey of DNA Crime Labs. BJS Bulletin, NCJ 191191, 2002.<br>18. Stoney, D., A Medical Model for Criminalistics Education, Journal of Forensic Sciences 33:1086-94, 1988.<br>19. Wade, C. ed., Handbook of forensic services, FBI laboratory publication Federal bureau of investigation, Quantico - Virginia, 2003. |
| | 22.2. | Дополнителна литература<br>1. Слободан Оклевски, „Доказната важност на отпечатоците во казнената постапка", магистерски труд одбранет на Правниот факултет „Јустинијан први" – Скопје.<br>2. Томислав Марковиќ, Савремена техника истраживања кривичних дијела - Криминалистика, Народне новине, Загреб 1977.<br>3. Владимир Водинелиќ, Криминалистика – откривање и докажување, Факултет за безбедност ДСЗ, Скопје, 1985. |

| Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ПОЛИЦИСКАТА И КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА** |
| 2. | Код | / |
| 3. | Студиска програма | **Правни студии** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **Правен факултет „Јустинијан Први",**<br><br>**Институт за казнено право** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв / втор семестар (Изборен предмет од потесната област на истражување)** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | 4 |
| 8 | Наставник | **Проф. д-р Гордан Калајџиев** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | / |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Цел на наставата по предметот Полиција и човекови права е систематизирање на материјата од областа на човековите права (содржана во меѓународните документи и националната легислатива, како и во теориските анализи за одделни прашања), во функционална целина соодветна на потребите и на специфичната улога која ја има полицијата во демократското општество.<br><br>Во рамките на наставниот процес ќе бидат проучени изворите на актуелниот систем, базичните принципи и практиката, употребата и ограничувањата на меѓународниот систем на договори и конвенции, односот меѓу меѓународните обврски и националната имплементација. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Во текот на наставниот процес ќе бидат обработени елементите на ООН механизмите, основните меѓународни договори и европскиот регионален систем и нивната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | имплементација во националното законодавство. Главни теми кои ќе бидат обработувани се: универзалност на концептот наспроти културните разлики; правото на живот и забраната за мачење и сурово, понижувачко или нечовечно однесување; расната дискриминација; религиозната нетолеранција; слободата на изразување; заштитата на приватноста; заштита на правата на чувствителни групи; полициските овластувања и ограничувањата на правата и слободите на граѓаните, одговорности на полициските службеници за пречекорување на овластувањата и кршење на човековите права. | | |
| 12 | Методи на учење | За секоја тема на студентите однапред ќе им биде посочена соодветна литература за подготовка на часот и нивно активно вклучување во интерактивна настава.<br><br>Наставата ќе се одвива преку предавања и вежби, подготовка на презентации, истражувања и слични проекти, посета на соодветни институции зависно од темата на часот, учество на семинари и сл. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 15 недели | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | 12 недели настава + 3 недели консултации со студенти | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | |
| | | 15.2 | Вежби (аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бодови (30 бодови преку колоквиуми и 70 бодови преку завршен испит) | |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | (презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување<br><br>( бодови / оцена) | под 60 бодови | 5(пет) (F) |
| | | 60-67 бодови | 6(шест) (E) |
| | | 68-75 бодови | 7(седум) (D) |
| | | 76-83 бодови | 8(осум) (C) |
| | | 84-91 бодови | 9(девет) (B) |
| | | 92-100 бодови | 10(десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација од страна на студентите | |

| | | |
|---|---|---|
| 22. | Литература | |
| | 22.1. | **Задолжителна литература**<br><br>1. Г. Калајџиев и др., Полицијата и човековите права, Скопје 2007<br>2. Г. Калајџиев (Ур.), Полицијата и човековите права, Скопје, 2003.<br>3. Р. Кроушоу, Човековите права и полицијата, Прирачник за практична настава, Скопје, 2000<br>4. Стојановски Трпе, Полицијата во демократско општество, Штип, 2 Август С., 1997<br>5. JASON-LLOYD, Leonard: An Introduction to Policing and Police Powers, London, 2000<br>6. Јанкулоски З., Полиција и човекови права, Скопје, 1994<br>7. Јанкулоски З., Заштитата на приватноста во Република Македонија: слобода од безпричинско влегување, пребарување и заплена, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 3, бр. 1-2, Скопје, 1996<br>8. Калајџиев Г. и др., „Анализа на домашното законодавство, институции и практика во случаи на пречекорување на овластувања од страна на овластени службени лица"/ Analysis of the Control over Police, OSCE, Skopje, 2007<br>9. Калајџиев Г., Јовчевски Ј., и др., „Правото на почитување на приватноста во Македонија", МРКПК бр. 1/2009, стр. 267-284<br>10. KILKELLY, Ursula: Правото на почитување на приватниот и семејниот живот: Водич за имплементација на Член 8 од Европската конвенција за човекови права: Прирачници за човекови права, бр. 1, 2001<br>11. ПРОТИВ ТОРТУРАТА - БАЗИЧНИ ДОКУМЕНТИ, ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА |

| | | |
|---|---|---|
| | | РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ 2004 ГОД.<br>12. Калајџиев Г., Кој ќе нè чува од чуварите-или како до поефикасна истрага за полициските пречекорувања", Зборник на трудови посветен на проф. д-р Фрањо Бачиќ, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Скопје / Загреб, 2007, стр. 364-383.<br>13. Зиков С., „Санкционирање на незаконитото постапување на полицијата од страна на судот и обвинителството", Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 9, бр.1-2, 2002<br>50.Бојлке Вернер, „ЗАКОН ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА", Датапонс, Скопје, 2009.<br>51.Фолк Клаус, „Казнено процесно право – Основен курс", Аламина, Скопје, 2013. |
| | 22.2. | **Дополнителна литература**<br>1.Матовски Н./ Бужаровска Г./ Калајџиев Г., Казнено процесно право, Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, Скопје 2009 год.<br>2. ANDREWS, J. A. (Ed.): Human Rights in Criminal Procedure, Nijhoff, The Hague, 1982.<br>3. TRECHSEL, S.: Human Rights in Criminal Proceedings, Oxford University Press, Oxford, 2005.<br>4. ACKER, J. R./ BRODY, D. C.: Criminal Procedure - A Contemporary Perspective, Aspen Publ., Gaithersburg, Maryland, 1999.<br>5. ALSTON, P.: New Human Rights, The Need to Devise Procedural Due Process Requirements, 78 American Journal of International Law, 1984, 89.<br>6. AMAR, A. R.: The Constitution and Criminal Procedure: First principles, Yale University Press, New Haven/ London, 1997.<br>7. AMNESTY INTERNATIONAL, Fair Trials Manual, London, 1998.<br>8. BASSIOUNI, M.C. (Ed.), The Protection of Human Rights in the Administration of Criminal Justice, New York, Geneva, 1994.<br>9. BELJANSKI, S.: Međunarodni pravni standardi u krivičnom postupku, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2001.<br>10. CORSTENS, G. / PRADEL, J.: European Criminal Law, Kluwer Law International, The Hague/ London/ New York, 2002.<br>11. COUNCIL OF EUROPE: Implementation of the right to a fair trial guaranteed by Article 6, para.1, of the European Convention on Human Rights and of the provisions included in Article 6, para.3, in particular procedures, Strasbourg 1993.<br>12. DAMAŠKA, M.: Evidentiary Barriers to Conviction and Two Models of Criminal Procedure: A Comparative Study, 121 University of Pennsylvania Law Review, 1973, 506.<br>13. DELMAS-MARTY, M. (ed.): European Convention for the Protection of Human Rights: international protection versus national restrictions, Dordrecht /London,1992.<br>14. DELMAS-MARTY, M.: The Criminal Process and Human Rights: Towards a European Consciousness, Martinus Nijhoff Publishers, Dordrecht/ Boston/ London, 1995<br>15. DÖRR, D.: Faires Verfahren, Engel Verlag, Kehl am Rhein, Strasburg, 1984.<br>16. GALLIGAN, D.J.: Due Process and Fair Procedures, Clarendon Press, Oxford, 1996.<br>17. GOMIEN, D.: The Future of Fair Trial in Europe: The Contribution of International Human Rights Legal and Political Instruments, Netherlands Quarterly of Human Rights, Vol.9, 1991, 263.<br>18. GROTRIAN, A.: Article 6 of the European Convention on Human Rights-The Right to a Fair Trial, Council of Europe, Strasbourg, 1992. |

19. HARRIS, D. / O'BOYLE, M. / WARBRICK, C.: The Law of the European Convention on Human Rights, Butterworths, London, 1995.
20. IVICEVIC KARAS, E.: Načelo jednakosti oruzja kao konstitutivni element prava na pravični kazneni postupak iz članka 6. Europske konvencije za zatitu ljudskih prava I temeljnih sloboda, Zbornik PFZ, 57 (4-5), 761-788 (2007).
21. JACOBS, F. G./ WHITE, R. C. A.: European Convention on Human Rights, Third Edition, Oxford University Press, Oxford, 2002.
28. JANIS, M.W./ KAY, R. S/ A. BRADLEY: European Human Rights Law, Second ed. Oxford, 2000.
29. КАЛАЈЏИЕВ, Г. : Ефикасност и правичност во кривичната постапка, МРКПК, Бр. 3, 2004, 49-52.
30. Г. КАЛАЈЏИЕВ /Т. СТОЈАНОВСКИ, Критички осврт кон Законот за полиција, Билтен бр. 1, ФИООМ, Скопје, 2006, 13-28;
31. Г. КАЛАЈЏИЕВ, Какви полициски овластувања за Царинската управа, МРКПК, бр.1, 2006, 51-84;
32. Г. КАЛАЈЏИЕВ, Замки и заблуди на реформата на истрагата, во Зборник на трудови на Правните факултети во Скопје и Загреб, Скопје/Zagreb, 2009, 165;
33. КРАПАЦ, Д. / КАЛАЈЏИЕВ, Г. / КАМБОВСКИ, В. / БУЖАРОВСКА, Г.: Стратегија за реформа на казненото право на Р. Македонија, Министерство за правда на Република Македонија, Скопје, 2007.
34. KÜHNE, H.-H.: Strafprozessrecht, Ein Lernbuch zum deutschen und europäischen Strafverfahrensrecht, 5 Auflage, C.F. Műller, Heidelberg, 1999.
35. LANDIS, J. M./ GOODSTEIN, L.: When is Justice Fair? An Integrated Approach to the Outcome Versus Procedure Debate, American Bar Foundation Research Journal 4, 1987.
36. PAVIŠIĆ, B.: Kazneno pravo Vijeca Europe, Izvori, komentari, praksa, Golden Marketing - Tehnička knjiga, Zagreb, 2006.
37. REID, K.: A Practitioner's Guide to the European Convention on Human Rights, Sweet & Maxwell, 1988.
38. STAVROS, S.: The Guarantees for the Accused Persons Under Article 6 of the European Convention on Human Rights, Martinus Nijhoff, Dordrecht/ Boston/ London, 1993.
39. TIEDEMANN, K.: 13 Thesen zu einem modernen menschenrechtsorientierten Strafprozess, Zeitschrift für Rechtspolitik, Heft 3, 1992, 107.
40. TRECHSEL, S.: The Right to Liberty and Security of the Person – Article 5 of the European Convention on Human Rights in the Strasbourg Case-Law, HRLJ Vol.1, No.1-4, 1980.
41. WEISSBRODT, D.: The Right to a Fair Trial, Martinus Nijhoff, The Hague/Boston/London, 2001.
42. WEISSBRODT, D./ WOLFUM, R. (eds.): The Right to a Fair Trial, Max-Planck-Institute für ausländishes offentlichen Recht und Volkerrecht, 1997.

| Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **МЕДИЦИНСКО КАЗНЕНО ПРАВО** |
| 2. | Код | **/** |
| 3. | Студиска програма | **Потпрограма за докторски студии по Казнено право** |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | **УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“,** <br> **Институт за казнено право** |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | **Трет циклус** |
| 6. | Академска година / семестар | **Прв / Втор семестар (Изборен предмет од потесната област на истражување)** |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | **4 (четири)** |
| 8 | Наставник | **Проф. д-р Никола Тупанчески** <br> **Проф. д-р Александра Деаноска - Трендафилова** |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Преку предметната програма медицинско казнено право, студентите ќе се стекант со продлабочени медицинско - етички и казненоправни сознанија по однос на сѐ побројните прашања и дилеми имплантирани на овие подрачја. По успешното завршување на предметната програма, студентите ќе бидат оспособени самите да се впуштат во согледување, анализа и критичко размислување по однос на новата преуредена слика на вредности како нус-појава на техничко-технолошкиот напредок на медицината и опасноста што таа ја носи по однос на слободите и правата на поединецот. Постапувањето на лекарот и на другите здравствени работници треба да подлежи на засилена контрола и придржување до професионалните стандарди и правилата на внимание. Во современи услови, медицината од "вештина на знаење" се трансформира во „вештина на манипулирање“ и оттука, се заканува да прерасне во една |

| | | |
|---|---|---|
| | | од најсериозните загрозби за основните човечки вредности (животот и здравјето, достоинството на личноста, но и благосостојбата на целото општество). Низ предметната програма и знаењата со кои ќе се стекнат студентите ќе можат самите да се впуштат во анализа и преиспитување на медицинско-казнено правната регулатива, да ги согледаат прашањата кои го образуваат предметот на ова подрачје меѓу другото, и низ филозофска диоптрија и во контекст на основните норми и стандарди вградени во меѓународните документи од биомедицинската сфера.<br><br>Согласно високиот степен на студии на кои се предава предмтната програма, посебен аспект ќе биде даден и на оспособување на студентите за самостојна истражувачка работа и пишување на академски трудови од областа на медицинското казнено право. Кон тоа ќе придонесе и овозможувањето на учество на студентите на конференции, работилници и сл. од оваа сфера. |
| 11 | Содржина на предметната програма | Медицинско казнено право е една од најактуелните науки од интердисциплинарен карактер која станува интерес на сè поголем број научници од правната и од медицинската област. Тоа во голем дел се должи и на фактот што повредите на човековите слободи и права и бројот на казнени дела извршени во врска со биомедицинските интервенции секојдневно расте не само во светот, како што тоа најчесто беше случај до пред извесно време, туку и кај нас со зголемувањето на бројот на т.н. лекарски кривични дела и примената на новите техники на лекување, како што се трансплантацијата на органи и ткива, новите репродуктивни технологии итн. Се работи за исклучително комплексна, специфична и мошне значајна гранка на правото, но и правна наука, која се занимава со изучување на начинот на извршување на медицинската професија. Специфичноста на медицинското казнено право е таа, дека неговиот предмет на изучување допира до едно мошне чувствително (но и ризично!) подрачје во чии рамки се наметнуваат непрегледен број прашања и дилеми од филозофско - правен, медицински и морално - етички карактер (така, несовесност, должно внимание, граници на дозволениот ризик, определени со |

| | | |
|---|---|---|
| | | медицинските стандарди и правила на лекарската етика), кои едновремено, ја доведуваат во прашање и неговата подготвеност да ги оствари основните функции поставувајќи ги на рамниште на казненоправни забрани оние дејствија кои претставуваат очигледна (тешка, флагрантна) повреда на правилата на медицинската струка и наука. Затоа, при дефинирање на својот предмет медицинското казнено право нужно, мора да ја земе предвид содржината на нормите вградени во други гранки на правото (така, на пример, граѓанскоправните поими и категории), биоетичките и моралните стандарди и идејата за засилена заштита на човековите слободи и права и врвните вредности на човековиот живот; во спротивно, тоа ризикува да потфрли пред барањата за остварување на неговите основни функции. Науката на медицинското казнено право се состои од општ и од посебен дел. Општиот дел се занимава со изучување на неговиот поим и предмет, потоа, изворите, методите и развојот на медицинското казнено право, односот со другите науки, а во себе ги синтетизира и одделните прашања кои се однесуваат на правата, обврските, но и одговорноста на субјектите на медицинските процедури. Неограничен интерес и љубопитност поттикнува токму посебниот дел на медицинското казнено право во чии рамки подетално се разгледуваат одделните прашања, односно правните аспекти на различните видови медицински интервенции, како што се следните: (не) укажувањето медицинска помош, евтаназијата и медицински асистираното самоубиство, абортусот, медицинските вештачења, трансплантацијата, лекарските грешки, пренесувањето заразни болести, т.н. квазимедицински практики (надрилекарство), своеволното лекување, репродуктивните технологии, клонирањето и други генетски манипулации итн. Медицинското казнено право ја третира и материјата на статусот и начинот на постапување со душевно болните лица и генерално, третманот на непресметливите делинквенти и примената на мерките на безбедност. Не помалку значајно е и прашањето за доверливоста, т.е. интересот за заштита на интимната сфера на личноста, правото на приватност што доаѓа до израз низ должноста за чување лекарска тајна |

| | | |
|---|---|---|
| | | како институт со неспорно казненоправно значење. Предметот на неговото проучување се проширува дури дотаму што во себе ги вклучува и оние прашања кои се однесуваат на казненоправните аспекти на фармацевтската дејност кои доаѓаат до израз низ фармацевтските инкриминации вградени во систематиката на посебниот дел на кривичните законици во речиси сите современи држави. Истовремено, медицинското казнено право навлегува и во сферата на наркоманијата, соочувајќи се притоа, со многубројни суштински проблеми пред сѐ, во однос на криминализацијата на различните дејствија кои се во врска со оваа социопатолошка појава. Развојот на медицинското казнено право и доградбата на системот на медицински казнени дела се одвива под нагласено влијание на меѓународните инструменти во кои се востановени основните правила и стандарди за заштита на правата и слободите на човекот во врска со апликациите на новите биомедицински техники и технологии на лекување. Тие одиграа значајна улога при свртувањето на интересот на современото казнено право кон т.н. сиви интервенции, втурнувајќи го на тој начин, во мрачните лавиринти да изнајде одговор на најдубиозните прашања на современата биомедицина. Оттука, во рамки на предметната програма соодветно ќе бидат вградени и поважните меѓународни документи, и пред сѐ, конвенциите на Советот на Европа (како, на пример, Конвенцијата за заштита на човековите права и достоинството на човекот во врска со примената на биологијата и медицината: Конвенција за човекови права и биомедицина од 4 април 1997 год., или попозната како Конвенцијата од Овиедо со дополнителните протоколи за забрана на клонирање на човечки суштества (1998), за трансплантација на органи и ткива, за биомедицински истражувања и за генетските тестирања, Препораката бр. Рец (2006) 7 на Комитетот на министри за управување со безбедноста на пациентите и спречување на негативните настани во здравството, потоа, документите на ОН - Конвенција за забраната на биолошко и хемиско оружје, Универзалната декларација за човечкиот геном и човековите права и Универзалната декларација за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | биоетика и човекови права усвоени од страна на УНЕСКО, Амстердамската декларација за промоција на правата на пациентите во Европа усвоена од Регионалната канцеларија за Европа на СЗО во 1994 год; Декларацијата од Хелсинки на СМА од 1964 год., менувана и дополнувана во повеќе наврати (1975, 1983, 1989, 1996, 2000 год. и последен пат, во 2008 год.) итн. | | |
